Врз основа на член 35 од Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Службен весник на Република Македонија " број 199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18 и 168/18) и член 39 од Статутот на Општина Струмица ("Службен гласник на Општина Струмица" број 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10, 1/15, 8/18, 16/19 и 29/19), Градоначалникот на Општина Струмица, донесе

О д л у к а

за организирање на јавна анкета и јавна презентација на Локална Урбанистичка планска документација за намена А4– ВРЕМЕНО СМЕСТУВАЊЕ на КП 3697/1; КП 3696/1; КП 3701; КП 3702; КП 3703; КП 3704; КП 3705; КП 3706; КП 3707 и КП 3708 КО КУКЛИШ –ВОН Г.Р ,Општина Струмица

Член 1

Се организира јавна анкета и јавна презентација на Локална Урбанистичка планска документација за намена А4– ВРЕМЕНО СМЕСТУВАЊЕ на КП 3697/1; КП 3696/1; КП 3701; КП 3702; КП 3703; КП 3704; КП 3705; КП 3706; КП 3707 и КП 3708 КО КУКЛИШ –ВОН Г.Р ,Општина Струмица, со површина од 11038,44м2. Просторот на планскиот опфат е ограничен од:

- североисточна страна со регионален пат Р1402 (Р605);

- северозападна страна со КП бр.3698/1 и КП бр.3700, КО Куклиш – вон г.р.;

- југозападна страна со КП бр. 3709, КП бр.3710 и КП бр.3889 – КО Куклиш – вон г.р.;

- југоисточна страна со КП бр. 2355, КП бр. 2354 и КП бр.2352 – КО Куклиш – вон г.р.

Член 2

Одлуката за организирање на јавна анкета и јавна презентација ќе биде објавена на огласната табла на Општина Струмица, во Секторот за урбанизам, комунални работи и градежно земјиште, на ВЕБ страницата на Општина Струмица, во Службен гласник на Општина Струмица и во две јавни гласила.

Член 3

Јавната анкета ќе трае од 04.05.2023 година до 17.05.2023 година, а јавната презентација ќе се одржи на ден 05.05.2023 година во 12:30 часот во просториите на Секторот за урбанизам, комунални работи и градежно земјиште на ул. „Ленинова" бр.34.

Член 4

Локална Урбанистичка планска документација за намена А4– ВРЕМЕНО СМЕСТУВАЊЕ на КП 3697/1; КП 3696/1; КП 3701; КП 3702; КП 3703; КП 3704; КП 3705; КП 3706; КП 3707 и КП 3708 КО КУКЛИШ –ВОН Г.Р ,Општина Струмица, ќе биде изложен во просториите на Секторот за урбанизам, комунални работи и градежно земјиште на ул „Ленинова“ бр.34.

Член 5

Во споменатиот рок, заинтересираните граѓани и правни лица можат да доставуваат писмени забелешки, предлози и мислења на анкетните листови.

Член 6

Оваа Одлука влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во ”Службен гласник на Општина Струмица”.

Бр.09- 3479/2

27.04.2023 год.

С т р у м и ц а

Општина Струмица

Градоначалник

Костадин Костадинов